Врз основа на член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-и од Законот за јавните претпријатија, член 22 и 23 од Законот за работните односи и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на поднесување на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата и бодирање во постапката за селекција за вработување во ЈП за ПУП Прилеп, а согласно Годишниот план за вработување во 2024 во ЈП за ПУП Прилеп, ВД Директорот на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп, објавува:

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 03-495/1
22.08 2024 год.
ПРИЛЕП

ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/2024
за вработување на помошно техничко лице
на неопределено време

1.Продавач на возни картички , шифра КДР 04 05 А02 011 - 1 извршител

Општи услови за сите работни места:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работно место: Продавач на возни картички
- најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование
-со или без работно искуство во струката

Работно време: 40 часа неделно од понеделник до петок, од 07:30 до 15:30 часот, нето плата 22.567,00 денари

Напомена: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2024 година се: Македонец(ка) 1.

Кон пријавата, кандидатите потребно е да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место (во оригинал или копија заверена на нотар):

Доказ за државјанство,

Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција, забрана за вршење на професија, дејност или должност,

Лекарско уверение за општа здравствена способност,

Доказ уверение-диплома за завршено соодветно образование,

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази и интервју.

Изборот на кандидати ќе се изврши во рок од 15 (петнаесет) дена по завршување на постапката за селекција за вработување.

Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава за вработување која може да се подигне во архивата на ЈП за ПУП Прилеп на адреса Ул.Крушевска бр.11А Прилеп, или на веб страната на претпријатието www.jpzapup.com.

Огласот трае 15 (петнесет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат (во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот), а истиот е објавен и на интернет страницата на претпријатието.

Пријавите со сите потребни документи да се достават на адреса: ЈП за ПУП Прилеп, Ул.„Крушевска“ бр.11А Прилеп, лично или по пошта. Контакт телефон 048/401-725.

Ненавремените, некомплетни и неуредно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп
ВД Директор
Бранко Нешкоски